Макпромет АД Штип
Деловоден број
0201-155
23.04.2021 година

Собрание на акционери

**Врз основа на одредбите од чл.456 став 4 од Законот за трговските друштва ичл.30, чл.31 и чл.32 од Статутот на Друштвото за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД Штип со седиште на ул.Д-р Слободан Јовановски бр.3 Штип, ЕМБС 4050525 и ЕДБ 4029973111259, Собранието на акционери на Друштвото на седницата одржана на ден 23.04.2021год. ја донесе следната :**

# О Д Л У К А
## за заложување на недвиженимот во сопственост на Друштвото

**1.**Се дава согласност заради обезбедување на побарувањата на доверителот КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје по **Договор за рамковен револвинг кредит - лимит врз основа на заложно право** заведен кај доверителот под **бр.02-100-724/2** од**05.03.2021год.** со рок до**05.03.2031год.** на износ до **ЕУР. 1.600.000,00**, склучен помеѓу КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје како доверител и Друштвото за производство и трговија БИОРЕЈСЕР-М увоз-извоз Штип како должник - корисник на кредит, како и поединечните договори кои ќе се склучат врз основа на Договорот за РРКЛ, како и ониепоединечни договори склучени пред датумот на Договорот за РРКЛ кои со анекси кон договорите ќе се вклучат во Договорот за РРКЛ, кои се сметаат за составен дел на Договорот за РРКЛ, под услови и рокови утврдени во поединечните договори, да се заснова заложно право врз недвижен имот во сопственост на Друштвото за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД Штип, и тоа :

**- Деловен објект на ул.Брегалничка бб Штип изграден на КП 921 дел 3 за КО Штип 1, опишан во Имотен лист бр.87828 за КО Штип 1**

| Број на катастарска парцела | | Адреса (улица и куќен број на зграда) | Број на зграда / друг објект | Намена на згр. преземена при конверзија на податоците од стариот ел. систем | Влез/Кат/Број на посебен/заеднички дел од зграда | | | Внатрешна површина во м2 | Право преземено при конверзија на податоците од стариот ел. систем |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| основен | дел | | | | Влез | Кат | Број | | |
| 921 | 3 | БРЕГАЛНИЧКА | 3 | ДЕЛОВНА ЗГРАДА ВО СТОПАНСТВОТО | 1 | ПО | | 2388 | 831 |
| 921 | 3 | БРЕГАЛНИЧКА | 3 | ЛОЃИИ, БАЛКОНИ И ТЕРАСИ | 1 | ПО | | 155 | 831 |
| 921 | 3 | БРЕГАЛНИЧКА | 3 | ДЕЛОВНА ЗГРАДА ВО СТОПАНСТВОТО | 1 | ПР | | 2429 | 831 |
| 921 | 3 | БРЕГАЛНИЧКА | 3 | ЛОЃИИ, БАЛКОНИ И ТЕРАСИ | 1 | ПР | | 136 | 831 |

**и земјиште на КП 921 дел 3 за КО Штип 1, опишано во Имотен лист бр.87828 за КО Штип 1**

| Број на катастарска парцела | | Викано место/улица | Катастарска | | | Површина во м2 | Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| основен | дел | | култура | | класа | | |
| 921 | 3 | ГЕРЕН | гз | гиз | | 420 | СОПСТВЕНОСТ |
| 921 | 3 | ГЕРЕН | гз | зпз 3 | | 2824 | СОПСТВЕНОСТ |

**- Деловен објект на ул.Брегалничка бб Штип изграден на КП 928 дел 1 за КО Штип 1, опишан во Имотен лист бр.91398 за КО Штип 1**

| Број на катастарска парцела | | Адреса (улица и кућен број на зграда) | Број на зграда / друг објект | Влез/Кат/Број на посебен/заеднички дел од зграда | | | Намена на посебен / заеднички дел од зграда | Внатрешна површина во м2 | Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| основен | дел | | | Влез | Кат | Број | | | |
| 928 | 1 | ЖЕЛЕЗНИЧКА | 2 | 1 | ПР | / | П | 17 | СОПСТВЕНОСТ |

**2.**Собранието на акционери на Друштвото за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД Штип потврдува дека согласно Законот за трговски друштва заложувањето на предметниот недвижен имот заради обезбедување на побарувањата на доверителот КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје по**Договорот за рамковен револвинг кредит - лимит врз основа на заложно право**, склучен помеѓу КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје како доверител и Друштвото за производство и трговија БИОРЕЈСЕР-М увоз-извоз Штип како должник - корисник на кредит заведен кај доверителот под **бр.02-100-724/2** од **05.03.2021год.** со рок до **05.03.2031год.** на износ до **ЕУР. 1.600.000,00**, изнесува **67%** од книговодствената вредност на имотот на Друштвото за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД Штип по последната ревидирана завршна сметка, **со што подлежи на правилата за одобрување на голема зделка согласно Законот за трговските друштва.**

**3.**Се овластува **Виолета Николова со ЕМБГ 1908965495024**- во својство на Извршен директор на Друштвото за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД Штип, во име и за сметка на Друштвото да го склучии потврди пред Нотар **Договорот за залог на недвижен имот со својство на извршна исправа**, потребен за запишување на заложното право над недвижниот имот во корист на доверителот КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје со сите извршни клаузули кои ги содржат истиот, како и сета останата документација потребна за предметната работа пред надлежен Нотар.

**4.**Со донесување на оваа одлука се потврдува дека се исполнети условите за полноважно донесување на одлуки согласно важечките акти за основање на Друштвотои законските одредби и дека дополнителни согласности од други органи и лица на Друштвото не се потребни, односно нема правни или било какви други пречки за реализирање на конкретната правна работа одобрена согласно оваа Одлука.

**5.**Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

**Друштво за производство и трговија**
**МАКПРОМЕТ АД Штип**
**Претседател на Собрание на Акционери**

Друштво за производство и трговија МАКПРОМЕТ АД Штип 1 Штип